Анализа на програмската понуда на националните радиодифузери

Изработил:

„Институт за развој на електронски комуникации

ИНРЕКОМ Скопје“

Март, 2019 година

Содржина:

1. Вовед

Медиумите како дел од цивилното општество имаат важна улога во државата како мост помеѓу граѓаните и политичките актери, нивната задача е да информираат навремено и точно. Оваа улога дава одредена тежина и важност во модерното време, посебно во време на различни медиуми, дел стандардни дел модерни, како и наплив на лажни вести. Со објективното известување, медиумите треба да ја стекнат довербата кај граѓаните кои редовно се информираат преку нивната понуда.

Медиумите освен информативниот карактер, ја имаат и образовната и забавна функција. Преку своите програмски понуди, треба да создадат квалитетна понуда за сите возрасти и за сите вкусови.

Целта на оваа анализа од страна на „Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје“ е да се создаде сиже од понудата на традиционалните медиуми - телевизиите, а потоа да се донесат заклучоци и препораки за подобрување, без притоа да се анализира уредничката политика на радиодифузерите во Република Македонија.

Општиот впечаток кај обичниот граѓанин е дека телевизиите не се доволно објективни во поглед на информативната понуда, но и дека има недостаток на образовна програма, како и дека потрфрлуваат во поглед на забавната функција.

Во продолжение, „мета“ на анализа ќе бидат радиофузните друштва т.е. телевизиите со национална концесија, без разлика дали сигналот го пренесуваат преку ограничени или пак неограничени ресурси. Анализирани ТВ канали се: МРТ1, МРТ2, Алфа, Алсат, Канал 5, Сител, Телма, РТВ 21, Шења, 1ТВ, ТВ 24 (Вести), Наша ТВ и ТВ Сонце. Каналот Клан Македонија не е дел од анализата поради отсуството на јавно достапна програмска шема.

Начинот на категоризација на програмата кај националните телевизии е во согласност со Упатството за начинот на класификација на аудиовизулените и аудио програми[1], од Агенција за аудио и аудиовузуелни медиумски услуги.

2. Анализа на програмската шема на телевизиите со национална концесија

Националните радиодуфузери, односно телевизиите со национална концесија за пренос на сигналот, без разлика дали користи ограничен (терестријален) или неограничен ресурс (преку јавно достапни телекомуникациски мрежи), најчесто поседуваат дозвола за телевизиски програмски содржини со претежно забавен општ формат[2], согласно јавно достапниот регистар ажуриран на 07.03.2019.

Исклучок од тој формат е Телевизија 24 Вести со претежно информативен општ формат, како и Наша ТВ која е со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции.

Во продолжение 13-те телевизии со национална концесија ќе бидат поединечно детално анализирани во поглед на понудата во периодот од 04.03. до 10.03.2019 година.

При што, ќе бидат претставени насловите на понудените содржини, како и временскиот интервал за нивната застапеност во текот на денот, за на крај истите да бидат визуелно и процентуално прикажани преку поткатегориите на трите функции на медиумите.

[1] http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf
[2] http://avmu.mk/registar-na-televizii/

2.1. Македонска Радио Телевизија – прв програмски сервис (МРТ1 / МТВ 1)

Јавниот радиодифузен сервис - Македонска Радио Телевизија е националниот сервис на Република Македонија кој во моментов располага со три канали и тоа: Прв програмски сервис со програма на македонски јазик, Втор програмски сервис со програма на јазиците од етничките заедници и Третиот програмски сервис кој е доделен на Собранието за пренос на пленарните седници и собраниските комисии. Согласно одлуката[3] од седницата одржана на 31.12.2018 година, програмскиот совет донел акт за основање на нови канали во текот на 2019 година. Предмет на анализа во овој документ ќе бидат само првиот и вториот програмски сервис на МРТ.

„ЈРД МРТ“ согласно своите законски обврски, ги исполнува зададените обврски во поглед на понуда од различен карактер, за сите возрасти и сладокусци. Дополнително, дејноста пред сè да информира ја исполнува во целост преку своите информативни појаси кои се состојат во кратки вести и централни дневници во склоп на утринската програма, како и во текот на денот.

Емитувањето вести во 10 часот, во 13 часот, во 15 часот, како и дневниците во 17 часот, 19:30 како и во 23 часот, во вкупно времетраење од околу 135 минути дневно, односно 2 часа и 25 минути, првиот програмски сервис на МРТ го категоризира како редовен информатор на македонските граѓани.

Програмската шема на првиот канал е составена претежно од содржини во сопствена продукција што е законска обврска, тука се вбројува и играната програма пресликана во култните „Македонски народни приказни“ и детската „5+ Фамилија“. „Македонските народни приказни“ се емитуваат во неколку термини во утринските часови и околу пладне.

[3] http://mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%97%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA%2077%20.pdf

Детската серија „5+ Фамилија“ се емитува во претпладневните часови во текот на работната недела. Во просек дневно за овие три серијали МРТ одвојува по 60-тина минути за нивно прикажување.

Освен забавниот дел преку играната програма, МРТ има и богата информативната програма која се состои и од емисиите: „Витраж“ како културен информатор од 50-на минути, потоа „Агенда 35“ - емисија која е посветена за европскиот пат на Македонија кон членството во ЕУ и трае 40-на минути, како и емисијата „Аграр“ посветена на земјоделството во времетраење од 50-на минути. Овие информативни емисии се емитуваат еднаш неделно, а нивните репризи се во различни денови.

Јавниот сервис исто така нуди и дебатна емисија именувана „И што сега?“ и за неа одвојува по еден час во работните денови.

Забавниот дел е застапен со емисијата „Едноставно заводливо“ која се емитува 50-на минути. Музичката програма е застапена преку емисиите „Фолк Џубокс“ и „Стисни плеј“, како и музичките појаси наречени музичко интермецо. Емисиите се во времетраење од по еден час, додека музичкото интермецо е во зависност од слободниот простор во програмската шема со кој се потполнуваат празнините во програмската понуда помеѓу крајот и почетокот на одредена програма.

Јавниот сервис нуди и документарна програма наречена „Научен спектар“ која е посветена на иноваторите во земјата и трае 25 минути.

Детската програма на првиот сервис на МРТ е богата со аниминирани серии, синхронизирани на македонски јазик и тоа: „Супер авиони“, „Јо-каи часовници“, „Лалапуси“ и „Најмалата продавница за миленичиња“. Аниминираните серии се нудат во различни термини, а една епизода од нив трае од 15 до 30 минути.

Во детската програма влегува и образовната емисија „Ѕвон“ која се емитува претпладне и попладне во траење од еден час. Исто така во утринските часови има емисија „Си било еднаш“ во која се раскажуваат кратки детски приказни, која трае 15-на минути.

МРТ 1 емитува програма од странска продукција, претежно од САД, а нивното емитување е во прајм-тајм терминот од 21 часот па се

до полноќ, а во петок и за време на викендите има и термини за играни филмови.

Првиот програмски сервис на МРТ нуди понуда на спортски настани како на пр. зимски спортови, кошарка и ракомет.Со оглед на ограниченоста, програмската шема најчесто е изменувана за да се ослободи термин за пренос на овие спортски настани на сметка на другата информативна и забавна понуда.

После полноќ па до утринските часови, МРТ како и другите радиодифузери програмата ја потполнува со репризни изданија од своите емисии.

Визуелен приказ на програмската шема на МРТ 1 според класификацијата:





2.2. Македонска Радио Телевизија – втор програмски сервис (МРТ2 / МТВ 2)

Вториот програмски сервис на јавниот сервис, нуди програма на јазикот на етничките заедници, односно претежно на албански и турски јазик, но и на останатите заедници. Согласно одлуката[4] на програмскиот совет, каналот во текот на 2019 година ќе биде наменет целосно на албански јазик за албанското малцинство, додека пак за останатите етнички заедници ќе биде наменет друг канал.

МРТ 2 нуди разновидна програма во текот на денот, денот започнува со утринска програма „Zgjohu me ne (Разбуди се со нас)“ која трае речиси 2 часа. Информативната програма на вториот канал се состои од 180 часа вести и дневник на албански јазик, како и половина час вести на турски јазик.

Овој канал посветува време и на детската програма која е во интервар од 85 минути дневно и во себе вклучува детска емисија „Eja në përrallën tone (Дојди во нашата приказна)“, „Përralla për fëmijë (Приказни за деца)“, како и детски анимирани серии што исто така се емитуваат на првиот програмски сервис.

Во поглед на образовната програма, МРТ 2 извдвојува по 45 минути дневно, а исто така тука се и документарните програми кои се речиси еден час и се емитуваат најчесто во периодот од 16:25 до кај 17:20.

Во образовните програми се вклучени емисиите како што се „Bota e komunikacionit (Светот на сообраќајот)“ и „Pak më shumë (Малку повеќе)“, а во делот на документарните емисии, тие се: „Praktik lezzetler (Практични рецепти)“, „El yapımı (Домашни ракотворби)“, „Boyle calisir (Работи на начин)“ и „Gezgin (Патоказ)“.

[4] http://mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%97%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA%2077%20.pdf

Вториот канал исто така својата програмска шема ја потполнува и со музички спотови кои варираат зависно од слободното место, па така во просек дневно нуди и до 130 минути музика. Исто така има и емисии кои траат по 40на минути, кои се емитуваат во текот на викендот.

Информативниот блок освен со вести, е збогатен и со информативни емисии во времетраење од 150 минути, а во нив влегуваат: „Intervista e javes (Интервју на неделата)“, „Видик“, „Про вита“ – емисија за здравството, „Видео витрина“ и „Европа во фокус“.

МРТ 2 има и контактна емисија во времетраење од половина час која се емитува во понеделник и носи работен наслов „Ало, ало ВИП“. МРТ 2 нуди дебатна емисија наречена „Аргумент“ во времетраење од 90 минути и се емитува во вторник.

Вториот програмски сервис во поглед на играните серии, нуди 25 минути домашна продукција „Албански народни приказни“ и околу 90 минути странска продукција и тоа преку сериите „Лејла и Меџнун“ и „Тајна задача“.

Визуелен прикажаз на програмската шема на МРТ 2 според класификацијата:



2.3. Алфа

Телевизија Алфа е една од петте приватни телевизии со национална концесија и претежно општ забавен формат. Телевизијата од своето основање во 90-тите години беше локална скопска телевизија која го носеше името ТВ Скопје. Потоа беше купена од страна на познатиот грчки медиумски магнат Димитрис Кондоминас.

Поради тоа што телевизијата не доби национална концесија, телевизијата набрзо доби нови сопственици од Франција, но и тие немаа успех во работата, па во 2008 сопственик стана познатиот македонски бизнисмен Штерјо Наков. Во 2012 ТВ Алфа е повторно продадена[5].

Програмската шема на ТВ Алфа се состои претежно од домашна информативна програма. Па така, ТВ Алфа емитува вести во три термини и тоа: во 14:30, во 17:30 и во 22 часот. Времетраењето на вестите изнесува 120 минути дневно. Во делот на информативната програма, влегува емисијата од областа на здравството „Алфа ординација“ која од понеделник до петок се емитува од 10 до 11 часот.

Во текот на претплатнето во работните денови се емитува и емисијата „Алфа скоп“ каде што се изнесуваат сервисни информации но и учествуваат гости, а истата трае 60-на минути. Програмата на Алфа исто така се состои и од дебатната емисија „Отворено на Алфа“ во која гостуваат еминентни личности за соодветната тема што се дискутира во емисијата во времетраење од 50-на минути.

Во терминот од 17 часот, од понеделник до петок се емиува забавната емисија „Зебра магазин“. Терминот пред првите вести е резервиран за контактна емисија каде што гледачите имаат можност да дискутираат и да си го искажат своето мислење, „Збор по збор“ која трае час и половина.

[5]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%90%D0%BB%D1%84%D0%B0#%D0%98%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0

Исто така Алфа нуди и информативен магазин кој прави сублимат на настаните кои ги облежале минатите седум дена, во емисијата „Седмица“ со Коле Чашуле.

Во забавниот дел од својата програма, Алфа ја емитува кулинарската емисија со водителката Адријана Алачки, „Вкусот на традицијата“. Програмата исто така е збогатена со хумористичната емисија „Солзи и смеа“.

Музичката програма, пак, е збогатена со емисијата „Зајди, зајди“ која ги негува изворните македонски мелодии, а „Зајди, зајди“ воедно претставува бренд на телевизијата низ текот на годините.

Од музички емисии, исто така, телевизијата ја емитува и српската музичка емисија во која се натпреваруваат идните ѕвезди: „Ѕвездичките на Пинк“.

За време на викендот, Алфа ја емитува и српската ток-шоу програма: „Магазин ин“.

Во делот на играната програма, Алфа ги емитува сериите „Дубровничка зора“ и „Долина на волците“, додека пак Алфа исто така нуди и српските емисии: „Работна акција“ и „ДНК анализа“.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Алфа според класификацијата:





2.4. Алсат (Alsat / поранешна Alsat-M)

Алсат (порано Алсат-М) е една од петте приватни телевизии со национална терестријална концесија, својата програма ја емитува на албански и македонски јазик. Со програмски концепт на општ-забавен карактер во понудата на телевизијата се бројни емисии од сопствена продукција, информативни блокови, забавни и играни содржини.

Програмската понуда на првата приватна телевизија на албански и македонски јазик во Република Македонија, се дели на неколку сегменти. Доминантниот дел со 75% домашна продукција во програмската шема е препознатлив уште од рано наутро со утринската програма „Ditë e rë (Нов ден)“ чие времетраење изнесува два часа. Во претпладневниот термин половина час гледачите се со кулинарската емисија „Готвиме со ресторани“.

Попладневниот термин е резервиран за емисијата „Pastidë më Alsat (Попладне со Алсат)“ која трае 45 минути. Информативната програма на Алсат продуцира три информативни блока односно вести на албански во 16:00 часот и 19:00 во времетраење од 40-на минути. Додека третиот информативен појас е на македонски јазик во 23 часот.

Во текот на работната недела, прајм-тајм терминот во 22 часот е резервиран за препознатливите емисии од сопствена продукција и тоа: Политичката емисија „360 степени“ во Понеделник и Петок; дебатното шоу „200 со Назим Рашиди“ во Вторник, терминот в Среда е резервиран за „Економски магазин“, додека Четврток ја донесува дебатната емисија „Патот кон... со Арта Тахири“. Времетраењето на сите емисии е од 60 минути.

Можеби најгледаниот сегмент кај нашите медиуми се различните играни серии, на Алсат сите од турска продукција, при што првиот дел од денот е за репризи, додека пак премиерните изданија се во вечерните термини. Серијата „Фазилет и нејзините ќерки“ го носи приматот на Алсат во 19:45 со реемитување во 10:40 часот. Серијата „Љубов и одмазда“ се емитува во 17:25, а репризата е во 15:30 часот.

Турскиот хит „Прости ми“ премиерно е во 17:50 часот и репризно 12:20. Понатаму, „Слатка одмазда“ се емитува во терминот од 20:45 и 13:10.

Серијата „Благословена ѕвезда“ се емитува во ноќниот термин од 23:35 и 14:20 часот.

Алсат троши 260 минути од својата дневна понуда на премиерни и исто толку на репризни изданија. Реемитувањето на некои од сериите е за време на викендот со цел да се пополни програмската шема. Документарната програма иако со помал удел, сепак има свој термин од понеделник до петок во 10:15 во времетраење од 25 минути.

За време на викендот телевизијата нуди неколку емисии со различни тематики, меѓу кои: емисија за млади со наслов „Млади лидери“ која се емитува во сабота и недела од 11:10 до 12:00 часот. Викендот е резервиран и за проблеми од здравствена тематика во „Огледало на здравјето“од 16:35 со времетраење од 35 минути.

Автомобилските фанатици се „дружат“ со емисијата „Авто магазин“ секоја Сабота од 17:10 до 18:00 часот. Сабота навечер најавува „Војна на невести“, реално шоу со почеток од 22:00 часот и реемитување в недела од 15:10.

Последниот ден од викендот на Алсат е наменет за хумористичната серија од домашна продукција „Нон стоп“ која трае 35 минути. Потоа забавната „Шпуза шоу“ со 55 минути, за на крајот пред вестите гледачите да се потсетат на двете неделни „Саботажа“ изданија пред централните вести во времетраење од 10на минути.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Алсат според класификацијата:





2.5. Канал 5

„Секогаш со вас и за вас“ – ова е слоганот на Канал 5 веќе 21 година. Оваа телевизија е втора најгледана во македонскиот етер поради тоа што нуди содржини за сите возрасти. Програмата, буквално е наменета за лица „од 7 до 77“. Емитува претежно забавен општ формат. Располага со цела „лепеза“ телевизиски емисии и играни серии. Канал 5 ТВ беше добитник на наградата Qudal Medal за 2014/15 година за најгледана телевизија со најквалитетна програмска шема.

Во поглед на емисиите, Канал 5 утрото го започнува со „Здраво Македонијо“ – контактна емисија која трае од 7 до 10 часот. Во временскиот интервал од три часа веќе 12 сезони на гледачите им се нудат пет теми кои најчесто произлегуваат од актуелните политички збиднувања и можат да ги коментираат јавувајќи се телефонски или преку е-маил на уредникот.

Веднаш потоа, во точно 10 часот започнува кулинарското шоу „Избор на најдобри рецепти“ со Ване Маркоски. Потрагата по најдобри рецепти на одредена тема, на територијата на цела Македонија, се „одвива“ од понеделник до петок, од 10:00 до 11 часот на програмата на Канал 5, а во четврток во 10 часот е студиското гласање во живо, во кое се избира победникот на неделата. 11:15 часот од понеделник до петок е термин резервиран за „Визита“ со Билјана Дебарлиева.

Во тек е 6-та сезона од емисијата, во која лекари од Македонија и регионот, доаѓаат да ги сослушаат здравствените проблеми на гледачите и да ги споделат своите искуства, совети и најновите трендови и решенија што официјалната медицина ги нуди. Од 12 до 13 часот нè дружи Јелена Спенџарска која заедно со нејзините гости од повеќе сфери на живеење ни ги дели „Најдобрите совети“.

Терминот од 15:35 до 16:20 е резервиран повторно за гледачите, преку емисијата „Сподели проблем со Милена“, во која водителката се труди да изнајде решение за одредени потешкотии со кои се соочуваат граѓаните.

Понатаму, од 18:30 па во наредните 60-тина минути, гледачите имаат можност да следат аргументирани дебати од две спротивставени страни. Уредничките на „Само вистина“ Елизабета Галевска и Мирјана Трпчевска успеваат да ги соочат политичарите и експертите кои аргументирано ги бранат своите ставови и ги задоволуваат апетитите на гледачите во врска со актуелните случувања во земјава.

Во вечерниот термин по 23 часот се емитува естрадниот магазин „Бекстеџ“, емисија која е наменета за помладите која нуди содржини во врска со познатите, како од земјава, така и од странство. Емисијата два пати е наградена за супер бренд на Македонија.

Во сабота, во 18:50 се емитува „Зевзекманија“ веќе 15 сезони. Оваа емисија е исполнета со хумор, сатира, цинизам, забава и пародичен поглед на случувањата. Во истиот термин, во недела, се емитува десетата сезона на „Еден на еден“.

Водителот Жарко успева да го привлече вниманието на гледачите носејќи популарни ѕвезди од земјава и странство, но и преку хумористичните „анализи“ кои ги прави на почетокот на емисијата.

Веднаш потоа започнуваат „Фчерашни новости“, кои во секоја епизода од околу 30 минути, преку призмата на хуморот и сатирата, ги обработуваат актуелни теми од секојдневниот живот.

Во недела точно напладне се емитува земјоделската емисија „Бразди“, која ги опфаќа сите новитети, стручни совети, искуства и информации поврзани со македонското земјоделство.

Канал 5 не ги заборавила ниту најмладите, па така, секоја недела во 11 часот се емитува забавната емисија „Тинтири минтири шоу“. Сумирано во бројки, Канал 5 ТВ на гледачите им нуди близу 8 часа дневно информативно-едукативни емисии и забавни македонски емисии од околу 2 часа (претежно за викенд).

Вестите на Канал 5 во текот на работните денови се во 6:50 наутро и се емитуваат скоро на секој час (08:00, 09:00,11:00) во рамки на утринската програма во времетрање од 10ина минути. Вестите во 15 часот траат 35 мин. Додека централните вести се во 18 часот, а денот се заокружува со кус информативен преглед во „Денот во 5 минути“.

За време на викенд првите вести се во 15 , вторите во 18 часот и третите во 22:00. Ова значи дека од понеделник до петок, Канал 5 емитува 1 час и 40 минути вести, а во сабота и недела по 1 час и 10 минути.

Од аспект на играната програма, Канал 5 ТВ става акцент на турските серии. Од понеденик до петок, во вечерните часови од 19:30 се емитува „Свекрви и снаа“. Репризно се емитува од понеделник до петок во 13ч и за време на викендот. Во 20:30 започнува „Каде е Зехра?“. Доколку сте ја пропуштиле епизодата, имате можност да ја погледнете наредниот ден во 14:00. Потоа, во 21:30 е семејната драма „Дозволи да те сакам” која репризно оди наредниот ден во 17 часот. Веќе во 22:30 се емитува “Дрвото на животот”. Сведено во бројки на дневна основа, Канал 5 издвојува 7 часа во текот на денот за играни серии, сите од странско потекло.

Канал 5 ТВ има потпишано договор за соработка со „Гранд продукција“ и емитува нивни емисии во кои се натпреваруваат и македонски кандидати. „Ѕвездите на гранд“ се емитуваат во сабота, од 19:30 до 23:30. „Никогаш не е доцна“ се емитува во недела, во временски интервал од 20:00 до 23:00. „Гранд специјал“ е исто така во недела, веднаш по завршувањето на „Никогаш не е доцна“. Низ бројки, во текот на викендот, Канал 5 издвојува 8 часа за странски музички емисии.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Канал 5 според класификацијата:



2.6. Сител

Сител телевизија е приватен канал кој почна со емитување на програма во 1993 година како една од првите приватни телевизии. Програмата претежно е од забавен карактер. На програмската шема акцент се дава на играните серии од турско потекло, а истите се синхронизирани на македонски јазик.

Овој медиум емитува информативна програма односно вести и централен дневник, а има и забавен програм во вид на телевизиски шоу програми. По затворањето на А1 телевизија, Сител стана најгледаната телевизија во Македонија освојувајќи ја позицијата на својот поранешен конкурент.

Фокусот е ставен на сериите од различни говорни подрачја како што се турски, мексикански, хрватски и американски. На програмата на Сител гледачите можат премиерно и репризно да ги следат: „Розов дијамант“ (пон-пет 10:00), „Меријем“ (пон-пет 22:00), „Ќерките на Фазилет“ (пон-пет 21:00), „Две бурми“ (саб-нед 19:40), „Далеку од Дома“ (пон-пет 19:45), „На Граница“ (12:30) и „Чикаго ПД“ (пон-пет 23:30).

Емисиите се неизоставен дел на секоја телевизија, па така Сител во овој поглед се има потрудено да понуди и лиценцирани шоу програми.

„Детектор“ е нова информативна емисија односно политички магазин која се прикажува секоја недела од 16:30 и се занимава со анализирање на политичките збиднувања во Македонија.

„Мерак меана“ е музичка забавна емисија која во духот на 7/8 ритам на македонската песна и плејадата на докажани македонски музичари го развеселува сечиј дом, а истата се прикажува во недела во 14:30 часот.

„Брза кујна“ е лиценцирано кулинарско шоу кое на гледачите им нуди пред сè забава преку натпреварувачите кои заедно со најдобрите шеф готвачи за краток временски период подготвуваат храна, емисијата се прикажува секој работен ден од 17 часот.

„Сè или нешто“ е уште една емисија која нуди забава и смеа, во која мудриот банкар се обидува да го сочува милионот од учесниците кои се гости на водителката Лила Филиповска, во терминот од 18:00 часот.

„Практична жена“, е српска емисија која влегува во вашиот дом со бура од идеи а воедно и ве забавува, истата се емитува од понеделник до петок од 12:00.

Утрото на многу македонци и македонки е во духот на утринската емисија со наслов „Ја сакам Македонија“ која на граѓаните им дава информации за состојбите во главниот град и целата држава, секое утро во 06:45 минути.

На ТВ Сител се прикажува уште една емисија со наслов „На иста страна“ која има за цел да ги сруши бариерите за разлилчностите и да покаже дека без оглед на верската, националната и политичката определба сите ние сме исти, со цел да ја поттикне комуникацијата помеѓу верските и етничките заедници во Република Македонија, терминот за прикажување беше во недела, но според последните проверки оваа емисија чека нов термин.

Документарните емисии се исто така дел од програмската шема на Сител кои се прикажуваат за време на викендот во попладневните часови, „Секунди до катастрофата“ и „Повик за помош“ се емисии од англиско говорно подрачје кои прават реконструкција на настани кои се случиле во реалниот живот. Дел од програмата е и документарната програма „Животот раскажува“, а ТВ Сител ги пренесува и српската и хрватската верзија од емисијата.

Сител телевизија прикажува програма и за најмалите, која се состои од: „Македонските стари приказни“, а за викендот во раните утрински часови се нуди нешто повеќе од еден час забава со ликовите од „Супер книга“, „Меѓи и Бјанка“, „Таши и Гоуст Рокерс“ се емитуваат од Понеделник до Сабота па така Пон-Пет од 11:25 а Сабота во 17:20.

Програмата на телевизијата би била некомплетна доколку се изостави информативниот дел односно вестите и дневникот. Па така вестите се прикажуваат секој работен ден во два термина и тоа 12:00 и 16:00 часот, додека за викенд се емитуваат вести само во 16:00 часот.

Дневникот се емитува секој ден во два термина од 19:00 проследен со вестите од бизнис секторот како и случувања од областа на спортот, додека пак вториот дневник се прикажува во 23:00 часот.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Сител според класификацијата:



2.7. Телма

Телма (Телевизија Макпетрол) е дел националните приватни телевизии. Програмската понуда е со шаренолик карактер.

Во текот на работната недела, Телма програмата ја започнува со утринска програма „Утринска на Телма“, која во себе вклучува и две емисии „Телма амбуланта“ и гости доктори кои дискутираат на теми поврзани со здравјето, како и емисијата „0м+“, наменета за младите родител. Вкупното траење на целиот концепт на утринска програма е 4 и пол часа.

Информативната програма се карактеризира со критички прилози како и дебатни емисии. Истата се состои од вести, кои се емитуваат четири пати во денот и тоа во 12:30, 15:30, 18:30 и во 21:30. Во склоп на вестите се вклучува и спортската редакција како и Метео изданијата, со што вестите траат од половина час до час и 15 минути, односно дневно Телма емитува 150 минути информативна програма.

Телма, периодот од 13 часот до 14:30 го потполнува со репризни изданија од емисиите КОД и Топ тема. Терминот од 16:10 па до 18:30 е резервиран за сериите: репризно „Најдобри години“ и премиерно „Епизоди“ и „Зона на самракот“.

Во терминот од 14:35 па до почетокот на вестите се емитува и американската емисија „Шоуто на Елен Дедженерес“ во време траење од 50-на минути.

Емисијата Топ Тема НВС, е заштитен знак на телевизијата, истата се емитува од понеделник до среда во 19:15 и трае 75 минути, а важи за една од популарните дебатни емисии, посебно кога на нивното „жешко столче“ ќе седнат високи државни функционери.

Во четврток Телма ја емитува и емисијата „Вин Вин“ со Оливера Трајковска од 19:10 часот и трае 80 минути.

Премиерата на серијата „Најдобри години“ е од вторник до четврток во терминот од 20:30. Во прајм-тајм се емитува и играна серија „Животинско кралство“ во период од 55 минути. Серијата „Враќање во

живот“ се емитува во работните денови од 22:15 до почетокот на терминот за играни филмови, односно 23:00.

За време на викендот, Телма нуди детска емисија „Горе доле сите сме исти“ со познатиот детски водител Ивце Пивце, во терминот од 9:30 до 11:00. Во сабота резервиран е терминот за детски цртан филм, како и за емисијата „Добар аптетит со Жерар Депардје“ во 17:35 до 18:20. Телма во сабота нуди и спорт односно Бокс од 21:00 до полноќ.

Културната емисија за патописни репортажи, „Незадолжително“, продолжува да се емитува во два термини - сабота репризно од 11:00 до 11:40, а премиерно во недела од 17:40 до 18:20. Саботата е исто така резервирана за емисијата „Автомагазин“ од 12:00 часот и трае 40-на минути.

Во недела пак одат емисиите „Градини“ во времетраење од 30на минути и емисијата „КОД“ во 19:20 до 20:00. Телма за време на викендот има одвоено време и за играни филмови и тоа во сабота во 19:10 до 21:00 и во недела од 20:00 до 21:25 и во 22:15 до полноќ.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Телма според класификацијата:





2.8. ТВ 21 (RTV 21)

Телевизија 21 започна со емитување на програма во Македонија на 21 септември 2015 година. Телевизијата е дел од косовската медиумска групација RTV21. Емитува програма на македонски и албански јазик.

Информативниот дел е наменет за вестите кои се презентираат на два јазика, Македонски и Албански, па така во текот на денот имаме три термина резервирани за информирање на гледачите кои се прикажуваат од 07:00 до 07:15, 18:30 - 19:30 и навечер во 23:00 - 23:15 часот.

Забавниот дел е наменет на емисиите кои се жанровски различни, па така во етерот во текот на целата недела се емитуваат забавни емисии како што се „Prite te gjelberten“ и македонската верзија „Чекајќи го зеленото“, „Urban Tag“, „10 Minuta“, „Kojshija Show“, „Fol Sqip“, „Odeon“, „1 Kafe prej ships“, „Mama’s trip“, „Ziej e perziej“ и македонската верзија „Нешто се крчка“ и „Dicka po zihet“.

Дебатната емисија Click Plus исто така има македонска и албанска верзија. Документарната програма е присутна со емисиите како што се: „Bota ne nje jave“, емисија за последните случаи во светот и „Ne focus“.

Како и секоја телевизија и оваа телевизија е во тренд со останатите па така и на телевизија 21 се прикажуваат популарни серии. Па така во текот на целата недела во етерот на оваа телевизија во различни термини гледачите имаат прилика да гледаат: „Cimerat“, „Kafeneja jone“, „Leksi ne qyitet“, „Vajzate diellit“ и „Serial Kosem“.

Што се однесува до музичкиот дел, тој не е изоставен така што на оваа РТВ 21 има и музички програм и тоа народна музика – Muzike popullore, Музика за деца – Muzike per femije и забавна музика – Muzike zbavitese.

Визуелен прикажаз на програмската шема на ТВ 21 според класификацијата:



2.9. Шења (Shenja)

ТВ Шења е приватен медиум кој започна со работа во 2015та година. Телевизијата е двојазична (македонски и албански) и зрачи на малите екрани во Македонија, но и во Албанија и Косово. Целта на овој медиум е „5 минути порано, 5 минути поблиску, точни, јасни и еднакви!“. На програмата се емитуваат содржини примамливи за сите возрасти.

Сепак, сајтот на телевизијата сè уште нема содржини на македонски јазик. Веќе подолг период стои најава, но до моментот на пишување на оваа анализа, македонска верзија нема.

Во поглед на емисиите кои ги емитува, утрото на Шења започнува со утринското шоу „Осум без пет“ кое се емитува од 7:55 до 10 часот. Во него гостуваат луѓе од најразлични области со кои се дискутира на одредени теми.

Точно напладне започнува емисијата „Релакс“ во која претежно гостуваат јавни личности и од областа на културата. Во 13:15 се емитува „Рецепт на денот“ каде што се готват брзи јадења.

Во вечерните часови, во 22:35 започнува „Светот не се фокусира“ во која главно се разработуваат политички теми.

За време на викенд се емитуваат неколку емисии од кои некои и репризно. Во 8 наутро се емитува стенд – ап шоуто „Фол попул“. Во 12:15 оди лиценцираното квиз шоуто „Кој сака да биде Милионер“. Веќе во 16:35 го мериме „Темпото на градот“, а еден час подоцна се едуцираме со „Аутоплус“.

Традицијата и народното творештво се негуваат преку „Етнос“ во 18:15, а со слични содржини е и „Куќа за гости“ во 19:40. Во 21:00ч се емитува „Неделно ретро“ со преглед на настаните кои оставиле печат на неделата. Срочено во бројки, ТВ Шења одвојува 5 часа и 30 минути дневно.

Во однос на инфромативните блокови, ТВ Шења емитува вести и дневници неколку пати во текот на денот (11:55, 15:55, 18:55, 21:55, 23:10). Тоа значи дека телевизијава нуди 2 и пол часа посветени на навремено информирање на гледачите.

Од аспект на сериските филмови, од понеделник до петок во 14:30 се емитува „Почитуван татко“, во 20:45 – „Споделување“ и во 23:45 игра „Милат“. Низ бројки, 2 часа и 40 минути се резервирани за серии на дневна основа.

Посебен акцент е ставен на музиката, па така во текот на денот се емитуваат повеќе музички колажи со цел потполнување на програмските празнини и исполнување на законските обврски.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Шења според класификацијата:



2.10. 1 ТВ

На 29 март 2018 во македонскиот етер започна да зрачи нов приватен медиум – 1ТВ. Телевизијата е дел од „БМЈ медиа груп“ (приватна компанија за медиуми, маркетинг, промоции, видео продукција и concept room). Иако првично најавувана како интернет телевизија истата започна како национална која ќе може да се гледа низ цела Македонија. 1ТВ се наоѓа на локацијата на некогашната „Томато продукција“ откако сопственикот Бојан Јовановски реши да ја купи. Телевизијата нуди програма од информативно – забавен карактер.

Во поглед на програмската шема, 1ТВ е единствената телевизија во Македонија која на гледачите им нуди 9 часа отворена програма. Од понеделник до петок, почнувајќи од 14 па се до 23 часот, на оваа фреквенција се емитува „Студио1“ – емисија која нуди содржини за секоја возраст.

Политика, економија, судство, култура, социјала, спорт, жолчни дебати и сеопфатни анализи, но и готвење, шоу биз, мода. Повеќе пати во текот на денот има отворени телефони на кои гледачите може да го изразат својот став на одредена тема или да постават прашање на гостинот во студио.

Емисијата е поделена на два дела и тоа: првиот дел од 14:00 до 17:30 и вториот дел од 19:20 до 22:30. Домаќини во првиот дел од емисијата се: Јана Јосифовска и Влатко Чаловски (пон–сре-пет), како и Кристина Атовска и Христијан Баневски (вторник и четврток).

За разлика од првиот дел, вториот дел од емисијата си има посебен уредник секој ден. Па така, во понеделник домаќин е Сашо Ордановски, во вторник Александар Чомовски, Ацо Кабранов и Борјан Јовановки нѐ дружат во среда, Анета Кочишки нѐ води во четврток и работната недела ја затвора Јадранка Костова во петок.

Информативните појаси на 1ТВ почнуваат уште од рано наутро, во 8 часот и се емитуваат на секои два часа (10:00, 12:00, 14:30 и 16:00) и сите се во времетраење од по 30 минути. Централниот дневник започнува точно во 20 часот, под палката на уредникот на денот и во

присуство на презентер и трае 60 минути. Вечерните вести започнуваат во 22:30.

Тоа значи дека 1ТВ посветува 3.5 часа од програмската шема само на вести. Дополнително, доколку има потреба, во кој било дел од денот, без разлика за каков настан станува збор, 1ТВ го пренесува во живо и надвор од информативните појаси.

Забавните емисии зафаќаат помал дел од програмската шема, односно околу 3 часа дневно заедно со репризите. Во 17:30, секој работен ден се емитува квизот „Возење со Вучиќ“. Репризното издание е секој работен ден во 11:15, како и за викенд.

По завршувањето на квиз-шоуто, во 18:15 започнува „Ексклузив“ – емисија наменета за помладата публика. За оние кои пропуштиле, репризите се секој работен ден во 13:25 и за викенд во попладневните часови.

Веќе во 18:45 започнува нивната најгледана емисија на Сергеј Варшолија, наречена „Студио мода“. Модниот осврт е спакуван во 30-минутно шоу на водителот Варошлија.

1ТВ секој работен ден, во периодот од 21:00 до 22:00 часот нуди авторски емисии. Понеделник е резервиран за „Лица” со Анета Кочишки во 60 минути. Во вторник, Гордана Дувњак е домаќин на своите гости во „Правда и неправда“. Среда е посветена за Сашо Ордановски и неговиот „Печат“. Во четврток, тој еден час, Александар Чомовски го посветува на телефонски јавувања преку кои гледачите можат да се изјаснат на одредена тема. Петочкиот вечерен термин е резервиран за анализа на спортските случувања од изминатата недела.

Ноќната програма започнува по завршувањето на вечерните вести. Во 23:00 часот се емитуваат сериски филмови. Во понеделник, среда и петок, терминот е резервиран за „Викинзи“, во вторник и четврток е серијата „Падот“. А, по завршувањето на сериските филмови, на 15-тина минути по полноќ започнува репризното издание на маратонското „Студио 1“ се до раните утрински часови.

Програмската шема за викенд е малку поразлична. Од раните утрински часови, па до 15 часот, гледачите имаат можност да гледаат репризните изданија: „Возење со Вучиќ“, „Ексклузив“ и „Студио Мода“.

За потоа точно во 15:00ч, во недела, започнува емисијата „Недела во 3“ која трае сè до 17:00ч. Водител на емисијата е Сузана Турунџиева.

Паралелно, се емитуваат и вести (12:00ч, 16:00ч и 22:00ч), како и Централен дневник во 20:00ч со гости во студио. Значи, за време на викенд 1ТВ нуди 4 часа информативна програма вкупно (по два часа на ден).

Играни филмови и во сабота и во недела има во временските периоди: 17:00-19:00, 20:30-22:00 и по вечерните вести. Тоа значи дека за време на викенд се емитуваат околу 12 часа играни филмови (по 6 часа дневно).

Визуелен прикажаз на програмската шема на 1 ТВ според класификацијата:



2.11. ТВ 24 (поранешна ТВ 24 Вести)

24 Вести е првиот телевизиски канал, специјализиран за емитување на вести. Телевизијата е по урнек на светските телевизиски канали каде се емитуваат 24 часа вести, а дел од програмата е наменета за документарни емисии.

ТВ 24 на гледачите им нуди различен спектар на аналитички гледишта за општествените збиднувања, низ дебати и соочување на ставови. Според ова, програмата е таргетирана кон повозрасната популација, со акцент на оние кои сакаат постојано да се во тек со општествените збиднувања.

Сепак, на програмата на телевизија 24 се емитуваат и содржини од забавен карактер, филмови и квизови. Дотолку повеќе што неколку години по ред ТВ 24 Вести е „Сту бренд“ на годината, односно телевизија со најголема доверба кај студентите.

Акцентот е ставен на сопствената продукција, па така оваа телевизија се труди да ги задоволи сите гледачи. Дел од емисиите кои се емитуваат од понеделник до петок во временски интервал од 07:00 до 16:00 часот се: „Македонија денес“, „Фактор здравје“, „Во тек“ и „Очи во очи“ – сите од нив контактни емисии за интеракција со гледачите.

Дебатните емисии се дел од програмата на ТВ 24 и тоа: „24 анализа“ во понеделник, среда и петок во 20:45, „Отворено“ во вторник 20:45, додека, „Фактор 24“ се емитува секој четврток во 19:24 часот.

Информативниот дел е резервиран за вестите и дневникот. Поради природата на самиот канал вестите се емитуваат на два часа, па така од понеделник до петок вестите се емитуваат во следните термини: 10:00, 12:00, 14:00 и 15:00 додека дневникот се емитува во 17:00, 20:00 и во 22:40 часот.

Во рамки на забавната понуда на Телевизија 24 од понеделник до недела во различни временски рамки гледачите може да ги проследат нивните омилени емисии кои се жанровски различни:

„Патот кон успехот“ е емисија која го следи животниот пат на гостинот кој најчесто е лице од светот на бизнисот, глумата, музиката спортот и слично при што го раскажува својот уепсшен животен пат.

„Вип за еден ден“ е хуманитарен проект кој во секоја емисија носи нова приказна и нови нови солзи радосници и насмевки. Емисијата „Б со точка“ е емисија која знае гледачите да ги врати во времето заедно со интересните гости и одличниот домаќин Драган Б. Костиќ.

„Живот со стил“ - емисија која го опишува животниот стил на нашите докажани уметници. „Откриени тајни“ е емисија која на гледачите им овозможува како да допрат до себе, како да ја зголемат самодовербата.

„Авто плус“ е емисија за автомобилските љубители. Додека пак, културата е опфатена во „Астрорум“ како место за разговори каде се споделуваат размислувања за литературата, уметноста и културата.

„Фан пит“ е синоним за уметност во секоја смисла на зборот. Термините се во различни денови почнувајќи од 11:00 часот па се до 23:00 навечер.

Во етерот на ТВ 24 оди и квизот „Столици“ кој се емитува од понеделник до петок во 18:00 часот премиерно, додека репризата е во 15:15. ТВ 24 емитува и документарна емисија па така „Светот на дланка“ е документарна емисија која се емитува секој понеделник во 19:30.

Од понудата на сериски филмови во резимето на ТВ 24 се впишуваат серијата „На терапија“ како првата македонска серија снимена според странска лиценца, секој работен ден од 22:30.

„Мамини синови“ е урнебесна комедија во продукција на Прва српска телевиизија каде во главните улоги секој вторник и петок во 19:15 ги гледаме изворедните Андрија Милошевиќ, Ненад Јездиќ и Светлана Бојковиќ.

„Прашање на чест“ е италијанска серија која се емитува од вторник до петок во 18:30. Серијата „Афера“ е достапна секој вторник од 23:15. Драмата Реј Донован гледачите можат да ја следат секој петок во 23:15.

Викенд шемата на Телевизија 24 претставува термин за реприза на емитуваното од текот на целата недела со тоа што за викенд телевизијата врши преноси на фудбалски натпревар.

Имено утрото е во духот на музиката па така од 7 часот па се до 9 и 15 имаме музичко будење најпрво со звуците на македонската народна музика, а за еден час подоцна со забавна музика.

За време на викенд се емитува и детска програма: цртаниот филм „Свекичката Оги“ и детската серија „Моето дете“.

Телевизија 24 од сезоната 2018-2019 ги има и ексклузивните права за пренос на натпревари од германската фудбалска Бундес лига и натпреварите од лигата ги пренесува за време на викендот.

Визуелен прикажаз на програмската шема на ТВ 24 според класификацијата:





2.12. Наша ТВ

Наша ТВ е национална и сателитска телевизија, која е продукциски континуитет на маркетинг-агенцијата „Арт улица 26“ во креирањето на програмата на скопската телевизија Скај Нет.

Програмската шема на Наша ТВ е претежно од забавен карактер, а понудените емисии немаат фиксен термин за нивно емитување и истите се претежно репризни изданија.

Програмата се состои од детската емисија „Бушави глави“ која е во различни термини, односно во текот на денот се прикажува по два до три пати. Времетраењето на една епизода е 25 минути.

Програмата ја сочинуваат и забавни стенд-ап емисии со Никола Тодоровски и Марјан Ѓорѓиевски во времетраење по половина час. Законската обврска, но воедно и можност за потполнување на програмата, донесува и концерти во текот на работните денови во време траење од час и половина.

Наша ТВ ги нуди и епизодите од емисијата „Време е за бебе“ која беше во продукција на јавниот сервис. Економскиот магазин „Профит“ се емитува секој работен ден во различни термини, а во одредени денови и два пати дневно, а времетраењето е по 45 минути.

Друг начин на пополнување на програмата е емитувањето на документарна програма од домашна продукција, за која нема фиксен термин, па така секој ден се емитува во различни термини, а во некои денови и повеќе пати.

Во понудата на телевизијата е и детската емисија „Наше маало“, но само во понеделник и среда по една епизода. Телевизијата има и спортска емисија насловена „Спортски легенди“ која се емитува во понеделник, четврток и петок во времетраење од 60-на минути.

Наша ТВ нуди емисија од сферата на културата наречена „Културо“ која се емитува во текот на работните денови, но во различни недефинирани термини, во времетраење од половина час.

Емисијата „Синергија“ е насочена кон психологија и се емитува во понеделник и трае половина час. Со цел пополнување на програмските празнини, а емитувајќи музика, Наша ТВ емитува и изданија од детскиот фестивал „Сидо“ повеќе пати во текот на денот.

Поради сложеноста и променливоста на програмската шема на овој ТВ канал, тешко може да се каже колкава е дневната понуда на одредени категории програми.

Визуелен прикажаз на програмската шема на Наша ТВ според класификацијата:



2.13. ТВ Сонце

ТВ Сонце е приватна сателитска телевизија во сопственост на иселеникот, Ѓорѓија Џорџ Атанасовски. Програмата на ТВ Сонце претежно се состои од македонска музика и документарни програми кои претходно се емитувани и се во продукција на јавниот сервис.

Остатокот на програмата ја сочинуваат домашни емисии, со што овој канал го прави единствен со целосно домашна продукција. Како и некои други радиодифузери, програмската шема не е постојана со фиксни термини за емитување на програмата, со исклучок на неколку емисии.

ТВ Сонце во својата програма во три термини, во 14, во 18 и во 22 часот емитува вести, односно дневно нуди 75 минути информативна програма.

Во понеделник во 11:30 се емитува образовна емисија за млади „Виртуелен свет“ во времетраење од половина час. Исто така каналот нуди емисии за македонските села и тоа: „Заборавени села“ во времетраење од половина час во понеделник и сабота и „Моето село“ ви времетраење од 45 минути во понеделник и петок.

Од други емисии во сопствена продукција: „Културен мозаик“ во понеделник во 16:00 и трае 70на минути; „Ваш термин“, контактна емисија во понеделник во 17:10, во вторник и во четврток во 12 часот. Траењето е околу 50на минути.

Од контактни емисиите исто така се емитува познатата емисија „Јади бурек“ во вечерниот термин од 20 часот во времетраење од 120 минути.

ТВ Сонце има неколку спортски емисии и тоа: „Полн погодок“ кој што се емитува по половина час и тоа: понеделник и петок во 18:30 и репризно во сабота во 16:00; „Арена“ која се емитува во вторник во 11, четврток во 18 и петок од 14:10, а трае 60на минути; како и емисијата „Ловечко око“ која оди во среда во 18:30 и репризно во четврток и сабота.

ТВ Сонце емитува и други дебатни емисии со гости и тоа: „Дијалози за Македонија“ во вторник во 17:00 и сабота во 20:20 и емисијата „Македонија – мајка на светот“ во вторник во 18:30 и четврток во 16:00.

Дел од програмата е и емисијата „Будење со Јулија“ која се емитува во среда во 12 часот. Емисијата „Исконски думи“ се емитува во среда во 16:00 и се однесува на историјата на Македонија. Освен емисијата „Културен мозаик“, ТВ Сонце има посветено уште една емисија од културата: „Лица и дела“ која се емитува во среда во 14:15, а репризно во петок и сабота.

Визуелен прикажаз на програмската шема на ТВ Сонце според класификацијата:



3. Заклучоци и препораки

Телевизиите во Република Македонија својата програмска шема претежно ја потполнуваат со играни серии, пред сè од странска продукција. Анализата покажува дека Македонските телевизии немаат посериозен финансиски капацитет за продуцирање на сопствени играни серии.

ИНРЕКОМ препорачува со помош на Агенцијата за аудио и аудиовузуелни медиумски услуги, како и Агенцијата за филм, националните радиодифузери да работат на заеднички проект кој со помош на финансиски средства кои би ги вложиле во играна продукција ќе ја подобри сликата за домашната продукција на играна програма.

За разлика од телевизиите во соседните земји или пак во регионот, нашите телевизии нудат минимален број на домашни серии, доволно за да ја потполнат законската обврска за домашна продукција.

Исто така играните серии се претежно од Република Турција, што претставува непроменета слика во програмските шеми на телевизиите со години наназад, иако постои исклучок кај некои телевизии (Телма, ТВ 24, а ТВ Сител делумно).

Телевизиите во Република Македонија во делот на информативната програма, имаат одреден напредок во делот со емисиите со истражувачки предзнак, а воедно и во поглед на емисиите кои во себе вклучуваат гостување и имаат дебати.

Телевизиите во Република Македонија во поглед на детската програма често знаат да потфрлат во текот на работната недела, а во текот на викендот истата да ја понудат само во утринските часови.

Телевизиите во Република Македонија ретко се осмелуваат да понудат лиценцирани забавни програми, односно квизови, за разлика од пред неколку телевизиски сезони. Во моментов лиценцирани шоуа имаат само две телевизии: Сител (Сè или нешто, Брза кујна) и Шења (Кој сака да биде милионер).

Телевизиите потфрлаат во поглед на играните филмови кои ги нудат најчесто во вечерните термини или пак за време на викендот и истите се постари и се прикажувани повеќе пати во текот на годината.

Во поглед на спортската понудата, телевизиите во Република Македонија бележат незаинтересираност, но и немање доволни финансии за откупување на телевизиските права. Исклучок од тоа се МРТ и ТВ 24.

Јавниот радиодифузен сервис, Македонска Радио Телевизија поради немање доволен број на ТВ канали, има проблем со програмските шеми поради спортските ТВ настани. Овој проблем се очекува да биде решен наскоро со започнувањето на неколкуте нови ТВ канали.

МРТ се препорачува како сервис директно и индиректно финансиран од џебот на граѓаните да понуди повеќе играна програма од сопствена продукција, а воедно граѓаните бараат и да обезбеди права за повеќе спортски настани, по теркот на националните радиодифузери во регионот.

ТВ Алфа на почетокот на своето работење можеше да се пофали како телевизија со најмногу домашна продукција, но со текот на времето и промената на сопственичките структури и уредничките политики, сопствената т.е. домашната продукција се намалуваше. Најголем недостаток во својата понуда е детската програма наменета за најмалите. Исто така може да се забележи тренд на подобрување во поглед на премиерни изданија на нови играни серии.

Алсат се стреми кон зголемување на сопствената продукција, емисиите кои се бренд на телевизијата се главен дел од колачот наречен рејтинг, но сепак главниот „фил“ на програмската понуда на Алсат, барем според гледачите, се содржините од странска продукција, односно турски сериски филмови. Програмската шема во првата половина од денот која се состои од репризни изданија од сериите е главна забелешка како и кај другите телевизии.

Канал 5 како и другите радиодифузери се стреми кон потполнување на програмските шеми со репризни изданија од играните серии. За пофалба е делот на забавни емисии за време на викендот.

Сител ТВ како телевизија со најголем удел во пазарниот колач по гледаност се труди да понуди програма за сите категории, со цел да привлече поголем дел од публиката. Главна забелешка како и кај другите телевизии е репризирањето на играните серии, но за пофалба е што репризите за време на викендот се укинати.

Телма се труди да биде поинаква од останатите во поглед на емисиите и сериите со што си обезбедува одредена група на гледачи кои континуирано ја следат нејзината програма. Како главна забелешка е препораката да се понуди документарна и детска програма.

РТВ 21 е телевизија која што нуди емисии како на албански, така и на македонски јазик, со што го има инклузивниот елемент во својата програма.

ТВ Шења својата програмска шема ја темели пред сè на информативна и музичка основа, со што ги занемарува останатите програмски класификации.

1ТВ како најнова телевизија во македонскиот етер, се стреми кон информативен концепт, со најголем процент на програма во живо. Главна забелешка од страна на регулаторното тело, АВМУ, е околу професионалните новинарски стандарди, кои често доаѓаат и по преставки од граѓаните. Се очекува понудата на телевизијата да биде збогатена со уште некои емисии што беа најавени на почетокот на телевизиската сезона.

ТВ 24 од оваа сезона претрпе одредени промени во понудата, па започна да нуди повеќе играна програма, спорт и друг вид шоу програми, со што примами поголема публика која ги следи нејзините серии и емисии.

Наша ТВ има потреба од понуда на нови емисии и серии, како и организирање на сопствената програмска шема. Иако на стартот со работа имаше карактеристичен концепт, тој дух на работење замина во историјата, а моментално телевизијата едвај егзистира.

ТВ Сонце потфрла во поглед на играната програма како и во стабилизацијата на програмската шема која што е често променлива, без фиксен термин за многу од емисиите кои ги нуди. Во поглед на понудата недостасува детска програма.